РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIVE

| Примено / Pranuar | 27.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03 | 80/1 | | |

Архивски знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис,

( Образец ПП……)

До: Државен управен инспекторат
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Барам да ми доставите прекршочен платен налог и дали е извршена наплата по записник ИП1-бр 09-1525 од 19.11.2024 год од Управен инспектор Ана Попова,записник ИП1-бр 09-1442 од 18.11.2024 год од Управен инспектор Биљана Мијалова Штерјова,записник ИП1-бр 10-1411 од 10.12.2024 од Управен инспектор Мирјана Ѓоргиева за константиран прекршок по член 101 став 3 алинеја 8 од Законот за административни службеници против Државниот секретар Даниела Иротова Лазарева во Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

(опис на информацијата што се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во 25.02.2024 година . [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, P.O.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Република Северна Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТАЦИЈА
# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, по барање [redacted], донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено о[redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-80/1 од 27.02.2025 година, **СЕ УВАЖУВА.**

***Образложение***

До Државниот управен инспекторат поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено о[redacted]ведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-80/1 од 27.02.2025 година.

По разгледување на истото утврдено е дека подносителот бара прекршочни платни налози издадени во инспекциската постапка по иницијативите за вршење на вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.09-1525, Ип1 бр.09-1442 и Ип1 бр.10-1411 и дали истите се наплатени.

Од разговор со инспекторите кои постапувале и увид во наведените предмети констатирано е дека прекршочни платни налози во наведените инспекциски постапки не се издадени. Неиздавањето на прекршочните платни налози се заснова на примени забелешки од субјектот на надзор на записниците во кој е констатиран прекршокот, при што по дополнително преземени инспекциски дејствија утврдено е дека во постапка по жалба пред надлежен второстепен орган, поништенени се актите кои претставуваат правен основ за утврдените прекршоци, па имајќи ги во предвид правните последици од поништувањето и утврдената фактичка состојба која не била позната при составување на предметните запиници следувало инспекциската постапка да се запре.

Бидејќи бараните акти се информации од јавен карактер се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-80/2 на 19.03.2025 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска


Министерство за јавна администрација
Државен управен инспекторат
Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk